


# Ten Barrels Cabernet Sauvignon 2015 Reserva

Премиум суво црвено вино добиено од сортата Cabernet Sauvignon. Виното се одликува со изразена рубин боја со темноцрвени нијанси. Вистинска резерва со препознатлив, зрел и раскошен мирис со овошно-зачински карактер. Потсетува на ситнозрнесто црвено и црно овошје во комбинација со сладок корен, темно чоколадо, печено кафе и нане, надополнети со ванилинско-зачински тонови. Оваа комплексност се должи на 23-месечното созревање во нови буриња од француски и амерички даб. Вкусот е полн, хармоничен, со цврста структура, импресивни и меки танини и продолжен и пријатен пославкус кој на ова вино му дава посебен шарм и капацитет од повеќегодишно зреење во шише.

Виното се послужува на температура од 16-18°C и одлично се комбинира со специјалитети од разни видови месо, особено со бифтек во сос од зелен бибер или дивеч во пикантен сос.

**Алкохол**: 15% Vol. **Полнето**: Декември 2017

**Награди**: Vino Ljubljana 2017, Slovenia – **Златен медал**

THE BALKANS INTERNATIONAL WINE COMPETITON 2018– **Златен медал**